Врз основа на член 38 став 1 алинеја 8, член 53, 71 и 72 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.7/2008), а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 од Статутот на општина Кратово, Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.09.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за концесија со водоводната и канализационата мрежа во Кратово

**I.** За избор на најповолна понуда за давање на концесија за стопанисување и тековно одржување со водоводната и канализационата мрежа и водоводната мрежа во општината, се избра фирмата: Друштво за комунални услуги експорт-импорт "Силком" ДООЕЛ од Кратово.

**II.** Ранг листата на кандидати е искажана како прилог и составен дел на Одлуката.

**III.** Предмет на концесијата распишана со отворениот повик објавен во "Службен весник на РМ" и дневниот весник "Нова Македонија" е стопанисување и тековно одржување со водоводната и канализационата мрежа во градот Кратово и водоводната мрежа во општината.

**IV.** Рокот за склучување и траење на договорот за концесија изнесува 30 (триесет) години од денот на потпишувањето на договорот.

**V.** Концесискиот надоместок изнесува 2% од количината на испорачаната вода за 1 м³ регистрирана преку мерни инструменти кои што ќе се вградат на излезот на пречистителните станици за вода во Кратово, Приковци и Црни Врв.

**VI.** Договорот за концесија во име на концедентот ќе го потпише Градоначалникот на општината кој треба да биде во согласност со Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство, Законот за облигационите односи и оваа Одлука.

**VII.** Договорот за концесија се склучува во писмена форма во 6 (шест) еднообразни примероци.

**VIII.** Одлуката ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово", а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.07-1769
29.09.2008 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 8 , член 53,71 и 72 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Службен весник на РМ„ бр.7/08) а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа и член 15 од Статутот на општина Кратово , Советот на општината на седницата одржана на 28.05. 2009 година , донесе

# О Д Л У К А

## за измена на одлуката за избор на најповолна понуда за концесија со водоводната и канализационата мрежа во Кратово

I.Со оваа одлука се врши измена на точката V(пет) од Одлуката за избор на најповолна понуда за концесија со водоводната и канализационата мрежа во Кратово која наместо што гласи:

„Концесискиот надоместок изнесува 2% од количината на испорачаната вода за 1м$^3$ регистрирана преку мерни инструменти кои што ќе се вградат на излезот на пречистителните станици за вода во Кратово , Приковци и Црни Врв „ треба да стои:

„Начинот на кој ќе се пресметува концесискиот надоместок е потрошената количина на вода изразена во м$^3$ , мерено и фактурирано еднаш месечно„.

II.Со измените на точката V од одлуката се прави усогласување на Одлуката за избор на најповолна понуда за концесија со водоводната и канализационата мрежа во Кратово , со одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија за вршење на комунална дејност донесена од Советот на општина Кратово на донесената од Советот на општина Кратово на 31.01.2008 год. заведена под бр.07-219 а која во точката IX гласи токму како што е предложена во наведената измена на одлуката.

III.Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

IV.Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Кратово„.

Бр.07-1077/1
28.05.2009 год.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Митко Шатев